**20180350615**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 53 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИНТЕРНИОТ ОГЛАС, НАЧИНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА СЕЛЕКЦИЈА И ИНТЕРВЈУТО, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНО БОДИРАЊЕ И МАКСИМАЛНИОТ БРОЈ НА БОДОВИ ОД ПОСТАПКАТА НА СЕЛЕКЦИЈА, ВО ЗАВИСНОСТ ОД КАТЕГОРИЈАТА НА РАБОТНО МЕСТО ЗА КОЕ Е ОБЈАВЕН ИНТЕРНИОТ ОГЛАС

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведувањето на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ број 11/15), во член 2 во ставот 1 пред зборот „Интерниот“ се додава бројот „(1)“.

Во воведната реченица по зборовите „институцијата и“ се додаваат зборовите „на веб страната на Агенцијата за администрација (во натамошниот текст: Агенцијата)“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- за секое различно огласено работно место: распоред на работното време, почеток и завршеток на дневното и неделното работно време и паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво“.

По ставот (1) се додаваат три нови става (2), (3) и (4), кои гласат:

„(2) Организационата единица за управување со човечки ресурси или лицето кое ги врши работите од таа организациска единица во институциите со помалку од 30 вработени, ја известува Агенцијата за датумот на објавување на интерниот оглас.

(3) Во прилог на известувањето се доставува интерниот оглас и образецот за пријава за унапредување.

(4) Објавувањето на интерниот оглас на веб страната на институцијата и на веб страната на Агенцијата се врши истовремено“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12/2-1249/2
22 февруари 2018 година
Скопје

Министер за информатичко општество и администрација,
**Дамјан Манчевски,** с.р.